**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

# ЗА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ ВРЗ КУЛТУРНИТЕ ДИПЛОМАТИИ НА ДРЖАВИТЕ ФОРМИРАНИ ОД ПОРАНЕШНА СФРЈ“ ОД КАНДИДАТОТ М-Р ВАСКО ШУТАРОВ

Врз основа на Одлука бр. 0206- 764/3 донесена од страна на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на седницата одржана на 29.8.2018 година, определени сме за членови на Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Васко Шутаров со наслов „Влијание на политичките процеси врз културните дипломатии на државите формирани од поранешна СФРЈ“. По читањето на дисертацијата и меѓусебната комуникација на членовите на Комисијата за финалната оценка на докторскта дисертација, го доставуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Краток преглед на трудот**

Дисертацијата содржи вкупно 218 страници компјутерски обработен текст, односно ги содржи следните целини: Апстракт на македонски и на англиски јазик, Содржина, Вовед, Прва глава (осум поглавја и седум потпоглавја), Втора глава (едно поглавје), Трета глава (едно поглавје), Четврта глава (осум поглавја), Петта глава (две поглавја), Шеста глава (седум поглавја, дваесет и едно поглавје), Седма глава (две поглавја), Заклучок, Бибиографија. Освен содржината, докторската дисертација содржи и 236 фусноти.

Во **Воведот** (стр.7-8) во кратки црти е претставена личната карта на поранешна СФРЈ, преку најкарактеристичните процеси од доменот како на внатрешната, така и на надворешната политика. По многу што создавањето и функционирањето на таа заедница на народи (подоцна и народности) е не само специфична историска творба, туку и релативно успешна европска приказна, со негување на специфичен пат во својот социјалистички модел на функционирање и реално респектабилна позиција во меѓународните политички односи. Паралелно со процесите за создавање функционална федеративна заедница, се создаваат и услови за будење и подем на националната свест, проследени со процеси кои во себе содржат изразени културолошко-верски компоненти. Токму тие процеси со силен национален предзнак и во годините на осамостојување на новосоздадените држави се покажаа како константа и препознатлив белег во нивното самостојно функционирање.

Во овој контекст се одредува **предметот на истражувањето,** а се **дефинираат основните поими на истражувањето**, како што се политичките процеси, внатрешната и надворешната политика на државите, дипломатијата, јавната, културната и дигиталната дипломатија кои ја претставуваат концептуалната база на истражувањето, по што се прикажуваат **досегашните истражувања** од оваа област, поврзани со процесите на развојот и распадот на поранешната СФРЈ и процесите кои го следат осамостојувањето на нејзините држави-наследнички. Потоа, се наведуваат **целите на истражувањето**, кои се од два вида: научните-кои се состојат во научна анализа и дескрипција на стратешките надворешно-политички и културно-дипломатските практики, како на поранешната СФРЈ, така и на новосоздадените држави, како и научното предвидување за нивното дејствување во иднина и практичните цели кои се состојат во придонес кон научните сознанија на науките кои се занимаваат со оваа проблематика, како што се теориите за анализа на надворешната политика, теориите за меѓународните односи, а посебно во доменот на науката за јавна и културна дипломатија, како понови научни гранки, како и расветлувањето на реалностите во водењето културни политики и културни дипломатии, што може да го олесни и патот на Р. Македонија во процесите на евроинтегрирање, кои допрва и претстојат.

Освен целите, наведени се исто така и хипотезите на истражувањето (една општа и седум посебни хипотези), преку кои се постулира дека „*ако постојат динамични*

*политички процеси и промени во едно општество тие имаат одраз и во надворешно-политичкото претставување на државата, а со тоа и во доменот на водењето на нејзината културна дипломатија”* (стр.13).

Во првата глава од дисертацијата е поставена **ТЕОРИСКАТА И КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** (стр. 15-81). Во првото поглавје од првата глава, насловено **Теорија на надворешната политика и односот на внатрешната и надворешната политика**, паралелно се проучуваат неколку доминантни доктрини од теоријата на надворешната политика, најпрво од аспект на факторите кои влијаат на креирањето (формулирањето) на надворешната политика, потоа разликите во дефинирањето кои произлегуваат од нејзините цели, како и разликите околу нејзината структурна поставеност. Во сетот дефиниции за надворешната политика се прави дискрепанца помеѓу надворешната политика и дипломатијата и се одредуваат поважните маркери на поклопување и разграничување помеѓу нив. Во второто поглавје, **Односи на внатрешната и надворешната политика,** се разработува концептот за нивната меѓузависност и неодвоивост, како составен дел од вкупната политика на државата, т.е. неодвоив дел од суштината на државниот систем и неговите политики. Во поглед на специфичноста, како на внатрешната, така и на надворешната политика, нивниот однос и разграничувања, постојат одредени недоумици, кои детално се анализирани во оваа поглавје. Заклучокот е дека специфичноста на надворешната политика е во нејзината зависност како од надворешните импулси од меѓународната заедница, така и од внатрешните интереси на заедницата која ја претставува, па соочена со таква двојност, бара можност за акција која ќе води сметка и за двете средини. Во поглавјето **Теоретски пристапи во надворешната политика** се третираат актуелни теоретски концепции за надворешната политика, со јасно изразен истражувачко-теоретски профил. Од Розенау и неговите обиди за поставување „преттеорија” на надворешната политика, преку концепциите на Ханридер, Холсти и Кисинџер, се елаборираат сите поважни релевантни теоретски пристапи во надворешната политика, кои се неодминлив арсенал во методолошкиот пристап кон науката за надворешнитее политики, така подеднакво и во надворешно-политичката прагма на бројни светски држави. Во поглавјето **Посебност и опфат на надворешната политика** се елаборираат специфичности (посебности) на надворешната политика, во однос на сите останати државни политики, од аспект на целите и интересите кои би требало да бидат постигнати на меѓународен план, како и од аспект на средствата и постапките преку кои се остаруваат истите, додека во поглавјето **Доминантни теориски правци и надворешната политика** се презентираат главните маркери на разграничување помеѓу либерално-институционалниот, реалистичниот, како и еден од најновите а доминантни, како што е глобалистичкиот пристап во анализата на надворешната политика. Глобалистичкиот пристап е интересен за студијава и од аспект на веќе актуелното, постмодернистичко видување во кое креирањето и остварувањето на надворешната политика од ексклузивно државна работа, се транспонира во транс или наднационален комплекс од креирање и одлучување, или систем во кој „светот на државите”, полека но сигурно, станува минато. Во поглавјето **Теориско одредување на надворешната политика**, во потпоглавјето **Обиди за дефинирање на надворешната политика**, се прави преглед преку компаративна анализа од надворешно-политичката теорија и пракса на американската, руската, британската и француската доктрина во надворешната политика, а во потпоглавјето **Одредување на поимот надворешна политика** се анализира надворешната политика преку три аспекти: 1) како резултат (одлука како супстантивна содржина н надворешната политика), 2) како процес (креирање и реализација на надворешната политика), 3) како став (имплементација на резултатот-исходот, опиплив чин на реализација). Поглавјето **Дипломатија - поим, видови, опфат дејност** ја третира дипломатијата како многузначен поим, како дејност (практика) и како наука, од историски и актуелен аспект, од аспект на разграничување и поклопување со надворешната политика, а во потпоглавјето **Поимот дипломатија** подетално се операционализираат различни одредувања на дипломатијата, од аспект на надворешно-политичко претставување на државата, водење на надворешно-политички односи, способност и знаење/умеење за водење преговори, преку служба (државен апарат) за водење надворешно-политички односи, дипломатијата како официјална активност на

државни официјални претставници и, на крај, дипломатијата како наука или вештина која ги обединува сите претходни содржини и активности, а како резултанта од оваа операционализација произлегува и потпоглавјето **Дипломатијата како дејност** во кое се анализираат практични примери од индикативни дипломатски практики.

Поглавјето **Нови дипломатски начини на водење на надворешна политика - јавна, дигитална и културна дипломатија**, како и потпоглавјата посветени на овие три понови дипоматски практики и нови научни дисциплини, најнапред преку претставување на генезата на развој на традиционална дипломатија и причините за појавата на нови форми, најнапред во дипломатската пракса, а набргу потоа и во науката. Новите дипломатски форми имаат своја различна методологија и средства на дејствување, поширок опфат, различни цели, различна временска рамка за остварување и евалуација на дипломатските акции. Покрај дефинирањето и одредувањето на јавната дипломатија и нејзиното разграничување од традиционалната дипломатија во ова поглавје се разграничуваат и активностите на пропагандата, за која дел од научната мисла смета дека е слична или идентична со акциите на јавната дипломатија. Со развојот на информатичките и новите технологии за комуникација свој подем добива и **дигиталната дипломатија**, која посебен замав добива со развојот и планетарната популарност на интернетот и социјалните мрежи. Современата дипломатија веќе не може да се замисли без примена на инструментите и алатките на дигиталната дипломатија, а модерните дипломати се обучуваат за професионална комуникација и преку социјални мрежи, форуми, блогови, да комуницираат директно и отворено со јавноста во странство. Во оваа поглавје се разгледани и предизвиците кои ги носи дигиталното во дипломатијата, ризиците за доверливоста на таквата комуникација како и појавите на нови т.н. хибридни војни во кои и дипломатијата и дипломатите неминовно учествуваат. **Културната дипломатија** која е обработена во следното поглавје е од суштинска важност за оваа студија. Постои од кога постои и дипоматијата, но како посебна гранка од дипломатијата се развива и усовршува непосредно пред Втората светска војна, а најмногу во годините на Студената војна, кога со помош на културни содржини „се освојуваат умовите и срцата на народите", најмногу меѓу народите од другата страна на „железната завеса". И неспорни се нејзините резултати, кои низ примери се покажани и во оваа поглавје. Ненаметлива, непретенциозна, свртена кон широк аудиториум (публики во странство), преку културните содржини, успева да создаде што поповолна перцепција за државата која ги организира културните акции, истовремено емитирајќи и пораки кои содржат системи од вредности, претстави, идеи, кои би било пожелно да најдат погодно милје кај странските публики. Во потпоглавјето **Маркери на разграничување помеѓу културната дипломатија и сродните дипломатски практики од јавната дипломатија** се операционализира со разликите во **приодот**, начинот на создавање претстава или перцепција за себе, опфатот и структурата на **публиките**, **контекстот** како еден од најважните маркери на разграничување, потоа **целите**, **временскиот хоризонт** т.е. временско-програмската рамка, која е многу поразлична од онаа на јавната дипломатија. Во потпоглавјето **Пресечни точки или маркери на поврзување помеѓу политичките процеси на внатрешно-политички и надворешно-политички план, со културната дипломатија,** најнапред појмовно се дефинираат политичките процеси, анализирани се историскиот, социолошкиот и политолошкиот пристап како три различни методологии во истражувањето на политичките процеси. Во истражувањата во оваа студија, во најголем дел политичките процеси се анализирани преку политолошкиот или системскиот пристап, преку анализа на релевантни правни документи (Устав, стратешки документи од надворешна политика, стратешки документи од областа на културата). Терминолошки, пресечните точки корисни за анализата во оваа студија се поделени во пет групи: **индикатори**, **информации**, **контексти**, **платформи**, **инфлуенции**.

Во втората глава **СФРЈ - процеси кои доведоа до распадот** (стр. 80-100) се анализирани сите поважни процеси кои доведоа до дезинтеграција и распаѓање на поранешна Југосавија. Преку краток осврт се нотирани најважните моменти од создавањето на првата јужнословенска заедница (1 декември 1918 год.), втемелувањето на новата федеративна заедница (29 ноември 1943 год.), преку сите поважни процеси низ кои се развиваше, но и постепено распаѓаше поранешна СФРЈ - со една специфично дизајнирана социјалистичка

приказна, но и многу специфична меѓународна позиција, лавирајќи меѓу Сцилите и Харибдите во немирното меѓународно море од спротивставени цели и интереси. Во морето од текстови, содржини и документи поврзани со распадот на СФРЈ (преку 10.000 библиографски единици) доминираат таблоидни, сензационалистички или содржини кои доктринарно се потчинети на одредена политичка или владејачка идеологија. Делумните или парцијални „вистини”, како и бројните лични сведоштва (сеќавања или мемоари) може повеќе да ја замаглат, отколку откријат и фрлат светло врз големата слика за состојбите и процесите пред распадот на СФРЈ. Од научно одржливите содржини кои беа корисни за оваа студија можат да се извлечат неколку важни заклучоци. Најпрво, за еден од најголемите предизвици од функционирањето на СФРЈ непрекинатата потрага по функционален баланс помеѓу шесте југословенски републики и подоцна, две автономни покраини, во студијата е поткрепена со анализа на тогашните уставни и законски документи. Исто така, во прилог на анализата, приложени се сите позначајни економски процеси, како и разликите во економскиот развој помеѓу југословенските републики и покраини, што во годините на првите позначајни проблеми во функционирањето на федерацијата, заедно со културолошко-верските процеси, генерираат дезинтеграциони процеси со силно изразен национален предзнак. Освен постојаните економски и политичко-правни редизајнирања на југословенската федеративна заедница, според голем број југословенски и светски научници, националистичките движења во тогашната федерација, а посебно во бројната дијаспора со југословенско потекло, се главни центрифугални и центрипетални сили кои ја одредуваат иднината на поранешна СФРЈ. Во овој контекст, поголем дел од анализата во оваа глава е посветен на националистичките појави и процеси во Хрватска, Србија и Словенија, преку анализа на културните и верски манифестации, кои се предвесници на овие значајни процеси.

Во третата глава **Државите создадени од СФРЈ – анализа на состојбите пред самото распаѓање на СФРЈ и денес** (стр.101-106) се продлабочува аналитичкиот концепт, преку интегриран пристап на севкупниот контекст - како на домашен, југословенски план, така и на надворешно-политичкиот контекст. Појдовно становиште е Холбруковата (Rishard Holbrook) листа на каузални причини, во која посебно се акцентираат следниве пет: погрешното исчитување (или неразбирање на контекстот) на балканската историја, крајот на Студената војна, однесувањето на најважните тогашни југословенски лидери, неадекватниот американски одговор на тогашната криза, погрешното убедување на тогашните европски лидери дека сами можат да се справат со првиот посериозен меѓународен предизвик по Студената војна. Кон оваа појдовна „голема рамка”, во ова глава е анализирано динамизирањето на политичките, економските, социјалните и културни проблеми непосредно пред годините на распадот на СФРЈ, како и сите поважни аспекти на експанзивниот пораст на национализмот и клерикализмот во рамките на тогашните југословенски републики и покраини.

Во четвртата глава **Компаративна анализа на надворешно-политичките определби и приоритети на државите произлезени од СФРЈ** (стр. 107-128) е направен пресек на сите поважни стратешки документи од надворешната политика на Хрватска, Словенија, Србија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора и Косово, преку што се детектираат и анализираат внатрешно-политичките определби и доминантни процеси во новосоздадените држави, како и перспективите за нивен иден развој на внатрешен план и позиционирање на меѓународно-политички план.

Во петтата глава, **Културната дипломатија на СФРЈ** (стр. 128-141), во две поглавја, се анализирани сите аспекти на поранешните југословенски културни акции во странство. Во време на СФРЈ се правени сериозни обиди за создавање единствен југословенски културен простор, југословенска култура и културна политика и иако диверзифицирана преку **Републички комисии за културна соработка со странство** - и во голема мерка централизирана југословенска културна дипломатија. И од денешен аспект гледано, југословенската културна дипломатија уште во 50-тите и 60-тите години од минатиот век ги користи сите средства, инструменти, методи и содржини кои ја чинат целосната сликата за една успешна културна дипломатија, а со цел постигнување на посакувана перцепција кај владите а посебно публиките во странство. Во годините на подем на **Движењето на**

**неврзаните**, тогашна СФРЈ ги развива и програмите за размена и стипендирање на странски студенти, посебно со земјите од т.н. **Трет свет**, што со статистички податоци е обработено во едно издвоено поглавје во оваа глава од трудот. Во оваа глава е направен пресек на развојот на културните политики во поранешна СФРЈ, првите позначајни отворања кон западната култура, културните производи кои стануваат исклучително интересни за публиките од т.н. социјалистички лагер, меѓународните пробои на југословенската култура на светски познати фестивали, но и подемот на значајни фестивали на југословенско тло, од светско значење. Нотирани се и првите никулци на етнонационални културни политики и нивната првична појавност во културната дипломатија на СФРЈ.

Во шестата глава **Компаративна анализа на културните дипломатии на Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Македонија, Црна Гора и Косово** (стр. 141-191) се анализирани стратешките документи во културата и културните политики на новосоздадените држави од поранешна Југославија. Споредбената анализа покажува дека етнонационалниот концепт кој се појавува уште во времето пред распадот на СФРЈ е доминантен и во сите подоцнежни релевантни документи кои ја креираат културната политика и културната дипломатија, во секоја од новосоздадените држави, без исклучок. Преку споредбената анализа, може да се направи и развојна генеза, како на културолошките, така и на политичко-социолошките процеси кои се одвиваат од времето на распаѓањето на поранешната заедничка држава, преку годините на осамостојување и етаблирање на меѓународен план, до денешни дни. Врвен приоритет на сите културни дипломатии е создавање на етнонационален културен профил, што би ги направил колку што може поразлични и подалечни од блиските култури од некогашниот единствен југословенски културен простор, културен профил што е составен дел од нивното брендирање како модерни европски држави. Во седум потпоглавја се анализирани спецификите на културните дипломатии на новите држави, а во исто толку (7) поглавја е направен пресек на нивните дигитални дипломатии, преку анализа за присуството на социјалните мрежи на нивните највлијателни политичи личности, како и нивните институции задолжени за водење на надворешните работи.

Во седмата глава **Перспективи и трендови** (стр. 192-204) составена од две поглавја се анализираат најпрво маркерите на доближување и маркерите на разграничување и одвојување на културните дипломатии на државите од поранешна СФРЈ. Заклучокот од оваа анализа е дека не постои континуирана, системска и институционална културна комуникација и соработка помеѓу културите на новосоздадените држави, туку таа се одвива најчесто врз база на веќе воспоставени и функционални врски (најчесто лични) уште од време на заедничката држава или како дел од меѓународни иницијативи или проекти кои поддржуваат заедничка културна соработка помеѓу државите од поранешна СФРЈ. Во второто поглавје, е направена анализа на неколку заеднички тенденции (или трендови) за сите новосоздадени држави, процеси започнати уште во времето на заедничкото живеење во рамките на СФРЈ, а продолжени и динамизирани во годините на нивното самостојно функционирање. Тоа се процесите поврзани со демографскиот развој и миграционите текови, кои редум во сите новосоздадени држави се исклучително неповолни (освен на Косово, од аспект на демографскиот развој). Статистички е поткрепен уште еден заеднички тренд во сите новосоздадени држави, а тоа е растечкото ниво на дотации на дијаспорите од овие држави, во однос на нивниот бруто домашен производ. Во сите држави од опфатот на оваа студиска анализа е константиран и нагорен тренд на задолжување кон странство, тренд што доминираше и во југословенското општество и стопанство во последните неколку децении од нејзиното постоење. Овие заеднички трендови се нотирани, анализирани и статистички поткрепени, од неколку причини, кои одат во прилог на заклучоците во овој труд. Тие се неспорно дел од процесите започнати уште во време на заедничката федерација, а динамизирани во годините на нивното функционирање како самостојни држави. Сериозноста на тие неповолни трендови бара системски решенија во кои неизоставна ќе биде и улогата на културната дипломатија, како кон државите во кои е најзастапена нивната дијаспора, така и на домашен план преку креирање културни политики и култура на живеење, кои ќе бидат составен дел од една нова, интегрирана и одржлива политика на функционирање на новосоздадените држави од поранешна СФРЈ.

Во **Заклучокот** (стр. 205-210) од докторската дисертација се утврдува дека т.н. југословенско наследство, колку и систематски и тенденциозно да биде премолчувано или негирано во новосоздадените држави од Југославија, сè уште продуцира процеси кои токму поради постојаното „ставање под тепих" и нивно нерешавање создава чувство на нерешливост или во најмал случај, чувство на неподготвеност или неспособност за решавање на отворените прашања или проблеми. Се наметнува и заклучокот дека уште долго новосоздадените држави ќе бидат силно зависни и поврзани со општествено-политичките и културолошки процеси започнати уште од времето на бившата СФРЈ, преку процесите на одвојување и прогласување независност и создавање претпоставки за формирање стабилни држави, со одржлив демократски капацитет. Останува фактот дека силните дезинтеграциони процеси кои доведоа до распаѓање на Југославија, во својот код, во својата матрица која во голем дел е културолошка, содржат сè уште компоненти кои не можат да ги нормализираат во целост односите помеѓу новосоздадените држави, наследнички на Југославија. Силните центрифугални политички процеси на дезинтеграција, кои етничката, културна и верска фрагментација ја дотераа скоро пред финален чин, сè уште се доминантна движечка сила, која силно ги детерминира сите останати демократски процеси за кои (барем) декларативно се залагаат државите кои не се членки на ЕУ, но се во процеси на евроинтеграција. И Словенија и Хрватска, иако веќе членки на ЕУ, на типичен „југословенски начин" го решаваат меѓудржавното морско разграничување, надмудрувајќи се и ангажирајќи европски арбитрарни асистенции за своето меѓусебно конфронтирање. Отворени меѓудржавни проблеми, како резултат на процесите што започнаа да се обликуваат и функционираат уште во времето на социјалистичка Југославија постојат помеѓу сите држави создадени од таа заедница. Загрижувачки е податокот дека ретко кога со меѓусебна иницијатива, компромис и конструктивен дијалог некој од проблемите добил своја конечна разрешница. Условувањето за добрососедски односи што ЕУ постојано го прокламира, како да е создаден токму за новите аспиранти за евроинтеграциите, но посебно од поранешната југословенска заедница. И со полно право, бидејќи загрижувачка е немоќта и немањето политичка волја и зрелост да се затворат на цивилизиран и компромисен начин прашањата кои се отворени уште со функционирањето на социјалистичка Југославија. Од констелацијата и распоредот на силите на меѓународната политичка сцена и нивниот интерес и ангажман на овие простори веројатно во голем дел ќе зависи иднината во блиска и подалечна перспектива на државите од поранешна Југославија. „Учењето" демократија кое станува задолжително преку одредниците и условите на Брисел, во процесите на евроинтегрирање на државите од поранешна Југославија кои не се членки на ЕУ не секогаш носи и вистински суштински промени на внатрешно-политички план кои би имале влијание врз чувството на нивните граѓани за правичност и владеење на правото - на пример, судските реформи се постојан лајт-мотив низ долгиот транзиционен пат од осамостојувањата до денешни дни, во сите држави од поранешна Југославија. Силната општествено-политичка и културолошка енергија поврзана со корпусот прашања и процеси поврзана, а во најголем дел и потрошена со националното дефинирање на новите држави, не дозволи барем и во третата декада од осамостојувањето, новосоздадените држави да можат да се пофалат со стабилна економија, одржливи демократски институции, механизми за демократска контрола, отчетност и транспарентност над политичките номенклатури, департизација и професионализација на државната администрација, сериозна борба со корупцијата, владеење на правото и суштинска реформа на судскиот систем, механизми за превенција и заштита на човековите права и слободи, елиминирање на бројните основи за дискриминација од секаков вид, што ги остава овие држави на опашката на сите поважни и посериозни регионални, европски и светски меѓународни одлуки, но често и на приоритетните дневни редови, поради инцидентноста што кревките демократии ја продуцираат на домашен и меѓусоседски план. Дали во третата деценија од 21 век ќе успеат државите од поранешна Југославија да изнајдат свој сопствен modus vivendi во меѓусебни нови форми на регионално поврзување, ќе зависи најмногу од политичката волја на нивните политички елити, но секако и од општествената свест и ниво на политичка култура на граѓаните на овие држави, кои секако заслужуваат живот во стабилни општества, со одржлива демократија по современ европски модул.

**Објавени трудови, поврзани со истражувањето од докторската дисертација**

„Публична и културна дипломатија”, 2016, „Изида”, Софија.

„Изазови културне дипломатије”, Зборник Матице српске, свеска 159-160, 2016, Нови Сад.

“Public and Cultural Diplomacy aimed at coping with crisis situations” (june 2017) “Crossroads”-The Macedonian Foreign Policy Journal, Skopje.

“Cultural Diplomacy in The New Concepts for Menagement of Crises” (2016) Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција „Современи концепти на кризниот менаџмент”, Охрид.

„Динамизирање на културната дипломатија во руско-македонските односи, најнови показатели” (март 2016), Зборник на трудови, ФИЛКО, Штип.

„Меѓународни културни врски во време на социо-политички промени”, (мај 2017) ФИЛКО 2, Воронеж, Русија.

„Проекции за македонската културна дипломатија, според Националната стратегија на културата во Република Македонија, за периодот 2018-2022 година” (мај 2018), ФИЛКО 3.

„Живејќи на работ помеѓу културите и повеќеслојните општества”, Четврта меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет”, 6-7 септември 2017, Штип.

## ЗАКЛУЧОК

**Во докторската дисертација е обработена област која до сега не е обработувана во Република Македонија и речиси воопшто не е обработувана во Југоисточна Европа на ниво на докторска дисертација.**

**Темата е оригинална, како и пристапот кон предметот на истражувањето и содржината. Дисертацијата има научен придонес**, бидејќи за првпат се обработуваат културните дипломатии на поранешна СФРЈ на едно место со политиколошки пристап. Дополнително, истовремено, се обработува и влијанието на политичките процеси врз културната дипломатија, што претставува каузалност која ќе помогне во расветлувањето на некои прашања во политичката наука, како што се феноменологијата на политичките процеси во земјите на Југоисточна Европа, рефлексијата на политичките процеси врз јавната дипломатија и поконкретно, културната дипломатија и содржинските аспекти и спецификите на културната дипломатија и нивното влијание врз политичките системи. Дисертацијата дава придонес кон научните области политички системи, јавни политики и дипломатија.

Комисијата има чест да ја даде позитивната оценка на докторската дисертација и да му предложи на Наставно-аучниот совет на докторските студии на Кампус 4 да го прифати извештајот и да закаже јавна одбрана.

Штип, 13.9.2018 година

**КОМИСИЈА:**

**Вон. проф д-р Јадранка Денкова, претседател, с.р.**
**Вон. проф. д-р Страшко Стојановски, член, с.р.**
**Вон. проф. д-р Андон Мајхошев, член, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Дронзина, екстерен ментор и член, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, ментор и член, с.р.**